**Препорака бр. 184**

# Препорака за работа од дома, 1996 г.

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

Свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, се состана на својата осумдесет и трета седница на 4 јуни 1996 година, и

Потсетувајќи дека голем број од меѓународните конвенции и препораки за трудот утврдуваат стандарди за општа примена во врска со условите за работа што се применливи за работниците што работат од дома, и

Констатирајќи дека поради посебните услови што се карактеристични за работата од дома, пожелно е да се подобри примената на тие конвенции и препораки за работниците што работат од дома и тие да се надополнат со стандарди што ги земаат предвид посебните карактеристики на работата од дома, и

Одлучувајќи се за донесување определени предлози во однос на работата од дома, што претставува четврта точка на дневниот ред на седницата, и

Утврдувајќи дека овие предлози треба да добијат форма на Препорака што ја надополнува Конвенцијата за работа од дома, 1996 г.,

на дваесетти јуни, илјада деветстотини деведесет и шеста година, ја донесува следнава Препорака, што може да се наведува како Препорака за работа од дома, 1996 г.:

I. ДЕФИНИЦИИ И ДЕЛОКРУГ НА ПРИМЕНА

1. За целите на оваа Препорака:

(a) поимот ***работа од дома*** значи работа што ја врши лице што се нарекува работник од дома;

(i) во својот дом или во други простории по сопствен избор, освен на работното место на работодавачот;

(ii) за надоместок;

(iii) што резултира со производ или услуга, како што е утврдено од страна на работодавачот, без оглед на тоа кој ги обезбедува опремата, материјалите или останатите користени влезни материјали,

освен ако тоа лице не поседува определен степен самостојност и економска независност што се потребни за да се смета за независен работник во согласност со националните закони, прописи или судски одлуки;

(б) лицата со статус на вработени не стануваат работници од дома во смисла на оваа Препорака едноставно преку повремено вршење на својата работа како вработени дома наместо на своето вообичаено работно место;

(в) поимот ***работодавач*** значи физичко или правно лице што, директно или преку посредник, без оглед на тоа дали се предвидени посредници во националното законодавство, распределува работа од дома при вршењето на својата дејност.

2. Оваа Препорака се применува за сите лица што вршат работа од дома во смисла на став 1.

II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

3.

(1) Секоја членка треба, во согласност со националното право и практика, да назначи орган или органи што се задолжени за формулирање и спроведување на националната политика за работа од дома што се спомнува во член 3 на Конвенцијата.

(2) Колку што е тоа можно, треба да се користат трипартитните тела или организации на работодавачите и работниците во формулирањето и спроведувањето на оваа национална политика.

(3) Во отсуство на организации што се занимаваат со работниците од дома или организации на работодавачите на работници од дома, органот или органите што се спомнуваат во алинеја (1) треба да утврдат соодветни аранжмани за да им овозможат на овие работници и работодавачи да го изразат своето мислење за оваа национална политика и за донесените мерки за нејзиното спроведување.

4. Треба да се собираат и да се ажурираат детални информации, вклучувајќи податоци што се класифицирани според полот, за обемот и карактеристиките на работата од дома за да послужат како основа за националната политика за работа од дома и за мерките што се донесуваат за нејзиното спроведување. Овие информации треба да се објават и да бидат јавно достапни.

5.

(1) Работникот од дома треба да се информира за посебните услови на својот работен однос во писмена форма или на каков било друг соодветен начин што е во согласност со националното право и практика.

(2) Овие информации треба да вклучуваат особено:

(а) името и адресата на работодавачот и посредникот, ако постои;

(б) опсегот или стапката на плаќање и методите за пресметка; и

(в) видот на работата што треба да се изврши.

III. НАДЗОР ВРЗ РАБОТАТА ОД ДОМА

6. Надлежниот орган на национално ниво и, кога е тоа соодветно, на регионално, секторско или локално ниво, треба да предвиди регистрирање на работодавачите на работници од дома и какви било посредници што се користат од таквите работодавачи. За оваа цел, таквиот орган треба да ги утврди информациите што работодавачите треба да ги поднесуваат или да му ги стават на увид на органот.

7.

(1) Од работодавачите треба да се бара да го известат надлежниот орган кога распределуваат работа од дома за првпат.

(2) Работодавачите треба да водат регистар на сите работници од дома, класифицирани според полот, на коишто им даваат работа.

(3) Работодавачите, исто така, треба да водат евиденција за работата што му е распределена на работник од дома што покажува:

(а) определено време за завршување на работата;

(б) стапка на плаќање;

(в) поднесени трошоци, доколку постојат, од страна на работникот од дома и износот што му е надоместен во врска со нив;

(г) сите одбитоци што се извршени во согласност со националните права и прописи; и

(д) исплатен бруто и нето-надоместок, заедно со датумот на плаќање.

(4) Копија од евиденцијата што се спомнува во алинеја (3) треба да му се обезбеди на работникот од дома.

8. Доколку тоа е во согласност со националното право и практика во врска со почитувањето на приватноста, на инспекторите на трудот или другите службеници со овластувања за спроведување на одредбите што се применуваат за работата од дома треба да им се дозволи да влегуваат во деловите од домот или другите приватни простории во коишто се врши работата.

9. Во случаи на сериозни или повторени кршења на законите и прописите што се применуваат за работата од дома, треба да се преземат соодветни мерки, вклучувајќи ја можната забрана за распределување работа од дома, во согласност со националното право и практика.

IV. МИНИМАЛНА ВОЗРАСТ

10. Националните закони и прописи за минималната возраст за стапување во работен однос или вработување треба да се применуваат за работата од дома.

V. ПРАВА НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И КОЛЕКТИВНО ДОГОВАРАЊЕ

11. Законодавните или административните ограничувања или другите пречки за:

(а) остварувањето на правото на работниците од дома да основаат сопствени организации или да се придружуваат на организации на работниците по сопствен избор и да учествуваат во активностите на таквите организации; и

(б) остварувањето на правото на организациите на работниците од дома да се придружуваат на синдикалните сојузи или конфедерации,

треба да се идентификуваат и да се отстранат.

12. Треба да се преземат мерки за поттикнување на колективното договарање како средство за утврдување на условите за работа на работниците од дома.

VI. ПЛАЌАЊЕ

13. Треба да се утврдат минималните износи на платите за работата од дома, во согласност со националното право и практика.

14.

(1) Износите на плаќањата за работниците од дома треба по можност да се утврдат преку колективно договарање или, во неговото отсуство, преку:

(а) одлуки на надлежниот орган, по консултации со најрепрезентативните организации на работодавачите и работниците, како и со организациите што се однесуваат на работниците од дома и организациите на работодавачите на работниците од дома или, кога последниве организации не постојат, со претставниците на работниците од дома и на работодавачите на работниците од дома; или

(б) друг соодветен механизам за утврдување на платите на национално, секторско или локално ниво.

(2) Кога износите на плаќање не се утврдени на еден од начините од алинеја (1) горе, тие треба да се утврдат со договор меѓу работникот од дома и работодавачот.

15. За утврдена работа што се плаќа од парче, износот на плаќање на работникот од дома треба да биде споредлив со износот што го добива работникот во претпријатието на работодавачот, или, како не постои таков работник, во некое друго претпријатие во засегнатата гранка на активност и регионот.

16. Работниците од дома треба да добиваат надоместок за:

(а) трошоците што ги поднесуваат во врска со својата работа, како што се оние што се однесуваат на користењето енергија и вода, комуникации и одржување на машините и опремата; и

(б) времето што е потрошено на одржување на машините и опремата, промена на алатки, сортирање, распакување и пакување и други слични операции.

17.

(1) Националните закони и прописи за заштита на платите треба да се применуваат за работниците од дома.

(2) Националните закони и прописи треба да осигурат дека постојат претходно утврдени критериуми за одбитоците и треба да ги заштитат работниците од дома од неоправдани одбитоци за работа со недостатоци или упропастени материјали.

(3) Работниците од дома треба да се платат или по испораката на секоја завршена работна задача или во редовни интервали што не се подолги од еден месец.

18. Кога се користи посредник, посредникот и работодавачот треба да бидат солидарно и поединечно одговорни за плаќањето на доспеаните плаќања за работниците од дома, во согласност со националното право и практика.

VII. БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ НА РАБОТА

19. Надлежниот орган треба да ја осигури дисеминацијата на упатствата во врска со прописите и мерките на претпазливост за безбедност и здравје на работа што треба да се почитуваат од страна на работодавачите и работниците од дома. Кога тоа е можно, овие упатства треба да бидат преведени на јазици што се разбирливи за работниците од дома.

20. Работодавачите треба да се обврзат:

(а) да ги информираат работниците од дома за сите опасности што му се познати или би требало да му бидат познати на работодавачот и се поврзани со работата што им е доделена и за мерките на претпазливост што треба да се преземат, и да им ја обезбеди, кога е тоа соодветно, потребната обука;

(б) да осигурат дека машините, алатките или останатата опрема што им е обезбедена на работниците од дома се опремени со соодветни безбедносни уреди и да преземаат разумни мерки за осигурување на нивното правилно одржување; и

(в) да им ја обезбедат бесплатно на работниците секоја неопходна лична заштитна опрема.

21. Работниците од дома треба да се обврзат:

(а) да ги почитуваат пропишаните мерки за безбедноста и здравјето;

(б) да се грижат на разумен начин за сопствените безбедност и здравје и за безбедноста и здравјето на другите лица што може да бидат засегнати од нивните постапки или пропусти на работа, вклучувајќи ја правилната употреба на материјалите, машините, алатките и останата опрема што им е на располагање.

22.

(1) Работникот од дома што одбива да врши работа за која оправдано верува дека претставува непосредна и сериозна опасност за неговото или нејзиното здравје или безбедност треба да биде заштитен од несоодветни последици на начин што е во согласност со националните услови и практика. Работникот од дома треба да го извести работодавачот за таквата ситуација без одлагање.

(2) Во случај на непосредна и сериозна опасност за безбедноста или здравјето на работникот од дома, за неговото или нејзиното семејство или за јавноста, утврдена од страна на инспектор на трудот или друг службеник со надлежности во врска со јавната безбедност, продолжувањето на работата од дома треба да се забрани сè додека не се преземат соодветни мерки за поправање на ситуацијата.

VIII. РАБОТНО ВРЕМЕ, ПЕРИОДИ ЗА ОДМОР И ГОДИШЕН ОДМОР

23. Крајниот рок за завршување на некоја работна задача не треба да го лиши работникот од дома од можноста за користење дневен и неделен одмор што може да се спореди со оние што ги користат останатите работници.

24. Националните закони и прописи треба да ги утврдат условите под коишто работниците од дома стекнуваат право да користат, како останатите работници, платени државни празници, платен годишен одмор и платено боледување.

IX. СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАЈЧИНСТВОТО

25. Работниците од дома треба да уживаат социјална заштита. Ова може да се направи преку:

(а) опфаќање на работниците од дома со постојните одредби за социјално осигурување;

(б) приспособување на шемите за социјално осигурување за опфаќање на работниците од дома; или

(в) создавање посебни шеми и/или програми за работниците од дома.

26. Националните закони и прописи во областа на заштитата на мајчинството треба да се применуваат за работниците од дома.

X. ЗАШТИТА ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК НА РАБОТНИОТ ОДНОС

27. Работниците од дома треба да ја уживаат истата заштита што им се обезбедува на останатите работници во однос на престанокот на работниот однос.

XI. РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ

28. Надлежниот орган треба да осигури дека постојат механизми за решавање на споровите меѓу работникот од дома и работодавачот или кој било посредник што се користи од страна на работодавачот.

XII. ПРОГРАМИ ВО ВРСКА СО РАБОТАТА ОД ДОМА

29.

(1) Секоја членка треба, во соработка со организациите на работодавачите и работниците, да промовира и да поддржува програми што:

(а) ги информираат работниците од дома за нивните права и за видовите помош што им се достапни;

(б) ја подигнуваат свеста за прашањата што се поврзани со работата од дома на организациите на работодавачите и работниците, невладините организации и пошироката јавност;

(в) го овозможуваат организирањето на работниците од дома во организации што самите ќе ги изберат, вклучувајќи ги задругите;

(г) обезбедуваат обука за усовршување на вештините (вклучувајќи ги нетрадиционалните вештини, вештините за раководење и преговарање), продуктивноста, можностите за вработување и капацитетот за стекнување приходи на работниците од дома;

(д) обезбедуваат обука што се спроведува колку што е можно поблиску до домовите на работниците и не бара непотребно формални квалификации;

(ѓ) ги подобруваат безбедноста и здравјето на работниците од дома така што го олеснуваат нивниот пристап до опрема, алатки, суровини и други неопходни материјали што се безбедни и што имаат добар квалитет;

(е) го олеснуваат создавањето центри и мрежи за работниците од дома за да им обезбедат информации и услуги и да ја намалат нивната изолација;